KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Справување со здравствената и економска криза во Република Северна Македонија*

Трајко Славески




* Во оваа анализа насловот и името на земјата во оригиналниот наслов од авторот се редактирани од страна на КАС.

www.kas.de

# Справување со здравствената и економска криза во Република Северна Македонија*

Трајко Славески

* Во оваа анализа насловот и името на земјата во оригиналниот наслов од авторот се редактирани од страна на КАС.

# Импресум

**Наслов**:
Справување со здравствената и економска криза во Република Северна Македонија

**Автор**:
Трајко Славески, професор по економија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, поранешен министер за финансии во периодот 2006-2009 година

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Координација**:
Норберт Бекман-Диркес
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Компјутерска подготовка:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на официјалната интернет-страница на Претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер, туку се лични гледишта на авторот.

Трајко Славески

# Справување со здравствената и економска криза во Република Северна Македонија[1]

**Слично на властите и луѓето во повеќето европски држави, македонските граѓани и владата не обрнаа многу внимание на појавената погубна здравствена и економска криза по избувнувањето на новиот коронавирус SARS CoV-2 во Вухан, Кина, во јануари и февруари годинава. За среќа, слични епидемии на САРС и ебола во некои азиски и африкански земји во последните две децении не стигнаа до нас. Овој пат има разлика. Сведоци сме на првата поголема пандемија на нашето време.**

Опасноста се приближи до дома со појавата на Ковид-19 во Северна Италија, каде што работи и живее значителен број македонски емигранти кои одржуваат блиски врски со матичната земја. Дури и тогаш ние мирно го чекавме првиот регистриран случај, кој се случи на 26 февруари, сепак,  надевајќи се на најдобро. Луѓето продолжија со своите дневни рутини; најголемите политички партии се најдоа во целосна предизборна кампања за предвремените парламентарни избори закажани за 12 април, но подоцна одложени поради кризата со пандемијата.

Бележит исклучок од ваквото неодговорно однесување беа здравствените власти во земјата, кои започнаа со мобилизирање на сите ресурси што им се на располагање за да го подготват здравствениот систем за оптимална заштита на нашите граѓани. Ресурсите се покажаа како доста ограничени, особено соодветна заштитна опрема за здравствените работници од првата линија на одбрана против овој невидлив, но многу заразен и потенцијално смртоносен непријател.

*Извор: Pixabay.com*




Тоа не може да се каже за владата, особено за Министерството за финансии. Во јануари и февруари веќе беа потрошени 25 % од вкупниот проектиран буџетски дефицит за целата година, во висина од 70 милиони евра. Тие беа навидум спокојни од солидната наплата на приходите и ревносно дистрибуираа пари до своите потенцијални гласачи, вклучително и неколку илјади нови вработувања во веќе преоптоварената јавна администрација. Наскоро оваа кратковидна политика ќе се покаже како катастрофална, што ќе доведе до недостиг на ликвидност во буџетот и несоодветен фискален простор за сериозниот фискален стимул потребен за борба против произлезената рецесија и колапс на извозот и буџетските приходи.

Појавата на економска криза што ќе ја следи здравствената криза стана очигледна само две недели по првиот регистриран случај во земјата. Искуството од претходните вирусни пандемии и епидемии во светот во последните сто години нè научи дека здравствената криза и економската рецесија се меѓусебно поврзани. Меѓутоа, има една важна разлика – здравствената криза од пандемиите претставува привремен шок, кој трае некаде помеѓу неколку месеци до две години (како што беше случајот

со пандемијата на шпански грип во 1918-20, веднаш по завршувањето на Првата светска војна и епидемијата на ебола во 2014-2016 која погоди неколку земји во Западна Африка). Но, за разлика од здравствените кризи, произлезената економската рецесија има потенцијал да се претвори во долготрајна депресија. Изгледите за катастрофална депресија се зголемуваат ако на рецесијата не се одговори со брзи, навремени и силни мерки од надлежните институции.

За разлика од мнозинството земји во светот, ние се најдовме во чудна ситуација да мораме да се соочиме со оваа пандемија со распуштен парламент и таканаречена „техничка" влада, предводена од поранешниот министер за внатрешни работи, г. Оливер Спасовски, во својство на технички премиер, и со маргинална застапеност на најголемата опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ со само еден министер (за внатрешни работи) и тројца дополнителни заменици-министри (за финансии; за земјоделство, шумарство и водостопанство; и за информатичко општество и јавна администрација). Ваквата состојба и каскадната здравствена и економска криза вршеа притисок врз политичката рамка во која владата може да управува со однесувањето на јавноста и поефикасно и навремено да спроведе мерки. Рано вечерта на 17 март, откако веќе беа воведени првите мерки за социјално дистанцирање (затворање на сите образовни институции, трговски центри, ресторани и пабови, фитнес центри, хотели, касина и др.), претседателот г. Стево Пендаровски, прогласи вонредна состојба во целата земја. Поголемиот дел од граничните премини и двата аеродрома беа затворени за редовен сообраќај.

За среќа, и покрај високото ниво на поделби во македонското општество, постигнат е општествен консензус да се даде приоритет на заштитата на јавното здравје, што треба да биде придружено со спроведување сериозни мерки на економска политика за заштита на економијата. Ова значи дека  прво, треба да бидат обезбедени сите материјални и финансиски ресурси за здравствените работници кои застануваат во првите редови во борбата со пандемијата, со преземање на сите неопходни мерки за нивна максимална заштита во оваа неизвесна ситуација. Неопходно е веднаш потоа да уследи максимално ангажирање на вториот фронт – поддршка за приходите на работниците во секторите погодени од кризата; заштита од банкрот на малите и семејните бизниси, вклучително и оние на самовработените; поддршка за големите компании со цел да се заштити нивната одржливост за свежо рестартирање по ублажување на пандемијата, одржување на нивните односи со добавувачите, заемодавателите и клиентите, итн.

Овие принципи, дискутирани на јавната расправа во кои беа вклучени економски експерти и коментатори, го најдоа својот пат во ад хок Економскиот совет, собрани под покровителство на премиерот Спасовски. (Обелоденување: авторот на овој текст е поканет да учествува во работата на ова тело, како експерт и претставник на најголемата опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ). Исто така, се постигна консензус дека има потреба од значителна буџетска поддршка првично насочена кон оние делови од економијата кои претрпеа загуби како резултат на владините мерки насочени кон заштита на јавното здравје (затворање несуштински услуги, ограничувања во транспортот, затворање културни и спортски објекти, приватни образовни и обучувачки институции, итн.) Поддршка треба да се обезбеди и за компаниите на кои им колабира извозната побарувачка, вклучувајќи ги и оние компании кои се принудени привремено да се затворат поради прекин на глобалните синџири на снабдување, претежно во автомобилската индустрија.

Како и секое друго нарушување во јавниот и економскиот живот, сегашната криза донесе висок степен на конфузија и неизвесност во македонското општество. И покрај неизбежните теории на заговор поврзани со природата на новиот коронавирус, повеќето луѓе сфатија дека се соочуваме со сериозна закана, како на здравствен така и на економски план. Будноста на јавноста растеше секој ден, а значително се зголеми и дисциплината да се следат стандардните препорачани мерки за социјално дистан-

цирање. Како и речиси сите низ светот, луѓето овде едвај чекаат да добијат појасна слика за времетраењето на пандемијата, подготвеноста на здравствениот систем да се справи со неа и да обезбеди заштита на населението, но и за економските последици што влијаат на нивните работни места и нивната егзистенција. Загриженоста за сите овие работи се засили со некои катастрофални проекции од страна на некои политичари, особено поранешниот премиер, г.  Зоран Заев за „дупката“ во државниот буџет.

Некои трезвени економисти, меѓу нив и јас, ја потсетија информираната јавност дека немаме соодветна методологија за мерење на економските загуби, особено на самиот почеток на рецесијата. Треба да се направи обид да се одвојат директните од индиректните ефекти, од една, и краткорочните од долгорочните ефекти, од друга страна. Она што е сосема јасно е фактот дека економските последици ќе се почувствуваат многу подолго во периодот на постепено излегување од пандемијата со Ковид-19. Покрај тоа, многу зависи од тоа колку време земјата ќе треба да практикува мерки на „социјално дистанцирање“. Веќе јавно ги изразив своите очекувања дека до средината на јуни животот би требало да се нормализира на европскиот континент, низ балканските земји, вклучително и во нашата земја и замрената економска активност би требало да започне постепено да заздравува. Синџирите на снабдување на нашите капацитети во автомобилската индустрија, металопреработувачката, електрониката, преработката на храна и другите индустрии постепено ќе заздравуваат. Треба да очекуваме бавно закрепнување на услугите, вклучително и на ресторантите, но не и на туризмот и хотелската индустрија, кои, за жал, ќе мора да се простат од претстојната сезона. Според овие претпоставки, треба да се очекува месечна загуба од околу 1 процент од БДП на земјата во наредните неколку месеци, со продолжено стагнантно дејство. Ова би акумулирало пад на БДП во 2020 година од околу 3-4 проценти во оптимистичко сценарио, а околу 5-7 проценти пад во попесимистичко сценарио.

*Извор: Pixabay.com*



Сега, кога времето за соодветна реакција за ублажување на сериозните економски последици од неодамнешната рецесија е силно компресирано, со сигурност може да се заклучи дека нашата влада предолго се потпира на пристапот „чекај-и-види“ на економскиот фронт. Стана јасно дека не постои план како да се дизајнираат мерките за поддршка и да се дефинираат приоритетите. Како резултат на тоа сè е направено набрзина, како реакција на пошироката јавност која се соочува со страв за сопственото здравје и егзистенција, на гласните трговски комори, на експерти и на најголемата опозициска партија. Значи, постои широко распространето мислење во јавноста дека се доцни со двата „сета“ од досега предложени и со декрет донесени мерки, нејасни и недоволни за да се покријат потребите на засегнатите компании и нивните вработени. Првиот пакет прелиминарни мерки им понуди на малите и средни претпријатија ограничен износ на бескаматни заеми за премостување кои треба да се дистрибуираат преку државната Банка за поддршка на развој и извоз. Народната банка ја намали својата референтна стапка за 25 базични поени на историски ниско ниво од 1,75 % и ги олесни регулаторните барања за стапки на адекватност на капиталот на комерцијалните банки. Комерцијалните банки им понудија на клиентите шестмесечен мораториум за сервисирање на нивните заеми. Компаниите, исто така, беа ослободени од обврската за авансно плаќање месечни даноци на добивка.

Во меѓувреме, Министерството за финансии ги контактира ММФ, Светската банка и други меѓународни финансиски институции (МФИ) за брзи заеми и помош и најави намера да го искористи инструментот заем-до-обврзница кај некои големи меѓународни банки во висина од 400 до 500 милиони евра. Неизвесноста околу времето на пристигнување на првите средства од странство во голема мерка го одреди претпазливиот пристап на владата при подготовката и донесувањето на таканаречениот втор пакет мерки, од кои најважна е таргетираната поддршка за плати за погодените компании и нивните работници. Овие мерки беа објавени последниот ден од март, а соодветните владини уредби беа проследени во наредните неколку дена.

Владата понуди на квалификуваните компании да им помогне за субвенционирање на платите во износ од минималната плата од 14 500 ден. (236 евра), за април и мај. Од компаниите се бара да ги задржат сите свои вработени до септември оваа година. Од нив, исто така, се бара да плаќаат даноци за плати и социјални придонеси за своите вработени. Оние компании со просечна плата поголема од 39 900 ден. (649 евра) не се квалификуваат за поддршка на плати. Владата тврди дека оваа мерка треба да опфати околу 250 000 вработени во околу 35 000 погодени фирми и ќе изнесува 200 милиони евра.

Покрај тоа, на лицата кои имаат загуба на приход претходно заработен во неформалната економија треба да им се помогне со месечен грант од 7 000 ден. (114 евра). Неколку други групи, како спортисти, уметници и други треба да добијат месечен грант во висина на минималната плата. Интересно е тоа што сите државни и локални избрани и именувани функционери ќе добијат само законска минимална плата од 14 500 денари во април и мај, но владата се повлече од контроверзниот предлог сите вработени во јавната администрација да бидат ставени на минимална плата за два месеци.

Компаниите, стопанските комори, експертите и опозицијата изразија остра критика на овие владини мерки во следниве насоки:

- Март треба, исто така,  да биде покриен со поддршка за плати за најпогодените компании. Кредитите за премостување се недоволни и неприфатливи како компензација на работниците и за покривање на другите трошоци. Во спротивно, низа компании, особено микро, мали и средни, ќе мора да се затворат и да ги отпуштат своите работници.
- Условите за поддршка на платите се премногу рестриктивни, а многу компании нема да сакаат да се пријават, со што престануваат да постојат.
- Владата, исто така, треба да ја преземе исплатата на придонесите за социјално осигурување и даноците на плати во компаниите кои се квалификуваат за поддршка.
- Износот поврзан со минималната плата не е доволен. ВМРО-ДПМНЕ предложи износ што би опфаќал 50 % од бруто-плата по вработен, придружен со откажување од персонален данок на доход и придонеси за социјално осигурување за време на кризниот период.

Важниот спор во јавниот дискурс меѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО-ДПМНЕ се однесува на природата на изворите за средствата потребни за борба против тешките последици од рецесијата што веќе силно ја погоди македонската економија. Станува јасно дека владата се соочува со многу ограничени опции, имајќи го предвид ограничениот фискален простор и влошените услови за позајмување на меѓународните пазари. Затоа опозицијата предложи да се зголеми задолжувањето на домашниот пазар преку издавање државни обврзници, притоа очекувајќи Народната банка да го намали издавањето на благајнички записи, со што ќе се ослободи поголема ликвидност за државниот буџет. Покрај тоа, опозицијата предложи привремено запирање на

уплатата на придонесите во вториот столб на пензискиот систем (во моментов една третина од стапката од 18,8 %) и нивно пренасочување во државниот фонд за пензиско и инвалидско осигурување. Иако по глобалната финансиска криза оваа мерка ја презедоа повеќето земји во Источна и Централна Европа, социјалдемократите и нивните спонзорирани медиуми остро се спротивставија на оваа мерка која може да обезбеди скапоцена дополнителна привремена ликвидност. Оваа дебата сè уште трае.

Како и на други места, македонската економија се покажа како многу ранлива на тековниот економски шок, дефиниран од официјалните претставници на ММФ, како посериозен споредено со глобалната финансиска криза и последователната Голема рецесија во 2007-2009. Состојбата во државниот буџет е критична и потребите на населението за премостување во наредните неколку месеци се прилично непропорционални во споредба со расположливите ресурси. Нашата земја мора да се потпира на надворешна помош за поддршка на своите здравствени работници, и во исто време да ја одржува жива економијата. Охрабрувачки знак беа најновите вести дека ММФ веќе одобрил средства од инструментот за брзо финансирање во износ од 100 % од квотата на земјата (наместо првичната граница од 50 % од квотата) во износ од 175 милиони евра да бидат исплатени до средината на април. Се надевам дека другите МФИ ќе го следат тоа, ќе им дадат надеж на нашите луѓе.

1 Во оваа анализа насловот и името на земјата во оригиналниот наслов од авторот се редактирани од страна на КАС.

**Фондација Конрад Аденауер**
ул. Ристо Равановски 8
МК – 1000 Скопје
тел.: +389 2 3217 075
skopje@kas.de
kas.de/nordmazedonien